Vrhovno sodišče Ljubljana
D. 9.5.69
2155 Централна правосудна книжница
Врховног судишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

# СЛУ[...]К
## НА СОЦ[...]ИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 30 април [...]
Скопје
Број 16 Год. XXV

[...] изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**96.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТЕЊЕТО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 25 април 1969 година.

Бр. 1395
26 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

### З А К О Н
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТЕЊЕТО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

Член 1

Во Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/67) по член 38 се додава ново поглавје и членовите 38а и 38б, кои гласат:

„б) **Биро за односи со странство**

Член 38а

За вршење на определени стручни и други работи во врска со односите со странство, за потребите на Собранието и Советот, постои Биро за односи со странство.

Член 38б

Со работата на Бирото раководи секретар, кого го именува Советот.

Секретарот во вршењето на работите за потребите на Советот, работи според упатствата и во рамките на овластувањата на Извршниот совет и претседателот на Советот, а за својата работа му одговара на Извршниот совет.

Секретарот е највисок дисциплински старешина за работниците во Бирото.

Средствата за работа на Бирото се искажуваат одделно во пресметката на Советот".

Член 2

Досегашните ознаки на поглавјата б) и в) стануваат в) и г).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**97.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

Се прогласува Законот за измени и дополнувања на Законот за републичките органи на управата,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 25 април 1969 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1398
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

Член 1

Во Законот за републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/67) по член 2 се додава нов член 2а кој гласи:

„Работите на републичката управа што се од заеднички интерес за повеќе републички органи ги вршат овие републички органи на управата:

Комитет за туризам и угостителство;

Комитет за надворешна трговија".

Член 2

Во член 3 на крајот од алинеа 2, точката се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеа 3 која гласи:

„Републички завод за урбанизам, станбени и комунални прашања".

Член 3

Од член 12 став 1 ред 3 — 6 зборовите: „угостителството, комуналните и станбените прашања, урбанизмот, туризмот, надворешната трговија", се бришат.

Член 4

По член 14 се додаваат членовите 14а и 14б кои гласат:

„Член 14а

Комитетот за туризам и угостителство ги врши работите што се однесуваат на туризмот и угостителството, а особено на нивниот развој и унапредување, ги усогласува активностите и обезбедува соработка на заинтересираните органи и организации; ги следи условите за стопанисување во областа на туризмот и угостителството, како и организацијата на туристичката пропаганда и информации, туристичкото посредување и други дејности од интерес за туризмот и предлага мерки за остварување на економската политика во областа на туризмот и угостителството.

Комитетот за туризам и угостителство врши и стручни, управни, инспекциски и други работи во областа на туризмот и угостителството.

Член 14б

Комитетот за надворешна трговија ги врши работите што се однесуваат на надворешната трговија, а особено на развитокот и унапредувањето на надворешната трговија и условите за стопанисување во областа на надворешната трговија; систематски ги следи и проучува појавите што настануваат во секторот на извозно-увозната активност на стопанството; го испитува дејството на одделни режими (девизен, стоковен, царински, надворешно-трговски и др.) со кои се регулира надворешно-трговската размена, како и нивниот одраз на извозно-увозната активност на стопанството, видовите и степенот на царинската заштита и нејзиниот одраз на формирањето на цените; ги следи и проучува промените во одделни земји и мерките што се преземаат во однос на нивниот увоз и предлага мерки за усогласување на надворешно-трговскиот режим со промените во односната држава; ги следи и проучува проблемите на регионалното усмерување на извозот и увозот на стоки од Социјалистичка Република Македонија и влијае на средувањето на односите на извозот и увозот преку организацијата на надворешно-трговската мрежа; ги следи тековните движења на извозот и увозот, со процена како се извршуваат предвидувањата; го испитува дејството на мерките што се преземаат за стимулација на извозот; врши и други работи од областа на надворешната трговија и предлага мерки за остварување на економската политика во оваа област".

Член 5

По член 17 се додаваат членовите 17а и 17б, кои гласат:

„Член 17а

Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања ги проучува и обработува прашањата во областа на просторното планирање, урбанизмот, станбените и комуналните работи и предлага преземање мерки за спроведување на политиката за развитокот на градовите и населбите, унапредувањето на станбено-комуналните дејности, просторното уредување и користење на градежното земјиште, дава стручни мислења од подрачјето на станбените односи, комуналната изградба и просторното и урбанистичкото планирање.

Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања решава по управните работи во областа на урбанизмот, станбените и комуналните работи; врши управни работи во врска со изработувањето на регионалните просторни и урбанистички планови; врши надзор над спроведувањето на законите и другите прописи и мерки во областа на просторното планирање, урбанизмот, станбените и комуналните дејности; врши работи на урбанистичката инспекција.

Директорот на Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања го именува и разрешува Собранието на СРМ.

Член 17б

Надзор над работата на Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања врши Извршниот совет".

Член 6

По член 39ж се додаваат членовите 39з и 39ѕ кои гласат:

„Член 39з

Одредбите на член 39ѓ и 39е се применуваат и во однос на средствата, опремата и потрошниот материјал што од Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија ќе се пренесе на Комитетот за туризам и угостителство, Комитетот за надворешна трговија и Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања, како и во однос на денот на преземањето на работниците од соодветните служби во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија.

Член 39ѕ

Комитетот за туризам и угостителство, Комитетот за надворешна трговија и Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања ќе стпочнат со работа со денот на влегувањето во сила на овој закон".

Член 7

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

98.

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за измени и дополнувања на Законот за републичката управа,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 25 април 1969 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1396
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), во член 34 став 3 се менува и гласи:

„Претседателите, потпретседателите и членовите на комитетите, советите и комисиите ги именува Собранието на СРМ на време од четири години".

По став 3 се додаваат став 4 и 5 кои гласат:

„Претседателот на комитет, совет и комисија може повторно да биде именуван и за наредниот период од четири години под условите што важат за старешините на републичките органи на управата (член 15 од овој закон).

Членовите на комитетите, советите и комисиите можат да бидат повторно именувани".

Член 2

Во член 35 се додава нов став 2 кој гласи:

„Комитетите, советите и комисиите донесуваат деловници за својата работа".

Член 3

Во член 36 став 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Претседателот на комитет, совет и комисија го претставува органот, ги подготвува и свикува неговите седници и им претседава.

Претседателот раководи со стручната служба и комитетот, советот и комисијата, донесува решенија во управна постапка, донесува решенија за работните односи на работниците во органот и е највисок дисциплински старешина на работниците во органот, врши и други права и должности на старешина на орган на управа, ако со овој закон не е поинаку определено".

Член 4

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**99.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА КОНТРОЛА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Се прогласува Законот за основање Комисија за контрола на Службата за државна безбедност, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 25 април 1969 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1397
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ОСНОВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА КОНТРОЛА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Член 1

Се основа Комисија за контрола над работата на Службата за државна безбедност (Комисија).

Член 2

Комисијата остварува увид во ориентацијата и работата на Службата за државна безбедност, особено од гледиштето на почитувањето на со Уставот и со закон утврдените функции на општествено-политичките заедници и правата на нивните органи, правата и слободата на човекот и граѓанинот, правата на работните и други организации, како и во поглед на методите и средствата што Службата за државна безбедност ги користи во вршењето на работите од својата надлежност; ги разгледува уочените проблеми со Службата за државна безбедност, и за тоа му поднесува извештаи и предлози на Извршниот совет.

По барање од надлежните тела на Собранието, Комисијата им поднесува непосредно на тие тела извештаи и предлози за прашањата од својот делокруг на работа.

Член 3

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Извршниот совет од редот на членовите на Извршниот совет, пратениците и општествено-политичките работници.

Комисијата има најмалку седум членови.

Бројот на членовите на Комисијата се утврдува со одлуката за именување.

Член 4

Комисијата за својата работа одговара на Собранието и на Извршниот совет.

Член 5

Фактите и другите податоци изнесени на седницата на Комисијата и во материјалите приготвени или изработени според заклучок на Комисијата, се сметаат државна тајна, ако Комисијата за определени податоци не определи поинаку.

Член 6

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Одлуката за образување Комисија за државна безбедност („Службен весник на СРМ" бр. 9/68).

Член 7

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**100.**

Врз основа на член 78 од Законот за самоуправување и работни односи во органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 28/65 и 42/67), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ПЕТТОДНЕВНА РАБОТНА СЕДМИЦА И РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

I

Во Одлуката за воведување на петодневна работна седмица и распоред на работното време во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 43/67, точката III се менува и гласи:

„По исклучок од претходната точка, работното време во републичките органи на управата во месеците мај, јуни, јули, август и септември започнува во 6,30 часот, а завршува во 15 часот, освен во петок кога започнува во 6,30 часот, а завршува во 14,30 часот".

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1. V. 1969 година.

Бр. 12-866/1
16 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев**, с. р.

**101.**

Врз основа на членот 22 став 2 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и членот 1 од Законот за издвојување средства за станбена изградба („Службен лист на СФРЈ" бр. 35/66, 56/65), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 22 април 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ПОТРЕБИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СТАРОСНА, ИНВАЛИДСКА И СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

I

Средствата издвоени по стапка од 4% од вкупниот износ на исплатените пензиски примања за решавање на станбените потреби на корисниците на старосна, инвалидска и семејна пензија (во натамошниот текст: корисниците на пензија), по одбитокот на делот за покривање на разликата во станарината на тие лица, се внесуваат во посебен фонд за решавање на станбените потреби на корисниците на старосна, инвалидска и семејна пензија (во натамошниот текст: Фонд) на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје (во натамошниот текст: Републичка заедница).

II

Средствата на Фондот евидентно се распоредуваат и употребуваат на подрачјето на одделните општини во износите остварени од вкупно исплатените примања на корисниците на пензија од тоа подрачје.

III

Средствата на Фондот се користат:

1. За кредитирање на изградбата и адаптацијата на домови за живеење на корисниците на пензија — во општествена сопственост, и

2. За доделување кредити за изградба, купување или адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензија.

Средствата за изградба на домови за живеење на корисниците на пензија можат да се користат и како неповратни.

IV

За изградба, купување или адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензија можат да се доделуваат кредити во износ од најмногу 30.000.— динари, со рок на враќање од најмногу 30 години и со камата од 2% годишно.

V

Здруженијата на пензионерите и инвалидите на подрачјето на општините формираат посебна комисија за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија (во натамошниот текст: Комисија).

Во состав на Комисијата влегуваат претставници: на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот и на здружението на трудовите инвалиди на подрачјето на општината, на здружението на сојузот на борците од Народноослободителната војна од подрачјето на општината, на општинското собрание, на комуналниот завод за социјално осигурување односно неговата филијала надлежна за тоа подрачје и на работната организација за станбено-комунално стопанисување.

Комисијата избира претседател кој ги свикува и раководи со седниците на комисијата и ги потпишува актите што ги донесува комисијата.

VI

Комисијата се грижи за рационално, правилно и целесообразно трошење на средствата на фондот распоредени за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија од подрачјето на соодветната општина и донесува решенија за одобрување кредити за изградба, купување или адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензии, како и за изградба и адаптација на домови за живеење на корисници на пензија во општествена сопственост.

Решението за користење на неповратни средства за изградба на домови за живеење на корисници на пензија се испраќа на согласност на Извршниот одбор на Собранието на Републичката заедница.

VII

Комисијата донесува правилник со кој поблиску се определуваат условите, постапката и начинот на користењето на средствата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија.

Правилникот од претходниот став се испраќа на согласност на Извршниот одбор на Собранието на Републичката заедница.

VIII

При одобрувањето на кредити за изградба, купување или адаптација на станови во сопственост на корисници на пензија првенство имаат борците од Народноослободителната војна.

На лицата од претходниот став може да им се одобруваат кредити и под поповолни услови.

IX

Комисијата е должна повремено, а најмалку еднаш годишно — најдоцна до 31 јануари, да поднесува извештај на Републичката заедница за употребата на средствата и решавањето на станбените потреби на корисниците на пензија во претходната година.

X

За извршувањето на банкарските работи што ќе настанат во врска со вложувањата и употребата на средствата на Фондот, Извршниот одбор на Собранието на Републичката заедница склучува со соодветната деловна банка посебен договор.

XI

Се овластува Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје да издава стручни упатства и појасненија за примената на оваа одлука, како и да врши надзор на работата на комисиите и начинот на употребата на средствата на Фондот.

XII

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за користењето на средствата од Фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите на трудот („Службен весник на СРМ" бр. 38/66 и 7/68).

XIII

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Бр. 01-1080/1
22 април 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

---

**102.**

Врз основа на членот 118 став 2 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 22 април 1969 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА ВО 1969 ГОДИНА

I

На корисниците на старосна, инвалидска и семејна пензија се определува надоместок за закрепнување во 1969 година во износ од 100 динари.

II

Право на надоместок од претходната точка имаат корисниците на пензија, кои правото на пензија го оствариле и престанале да работат до 31 декември 1968 година, како и на оние кои право на пензија ќе остварат и ќе престанат да работат до влегувањето во сила на оваа одлука, ако не ползувале годишен одмор и надоместок за годишниот одмор за 1969 година.

III

Повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник за исплата на надоместок за закрепнување по оваа одлука.

IV

Средствата за закрепнување на корисниците на пензија издвоени до крајот на 1969 година, што не ќе бидат исплатувани за исплата на надоместокот во смисла на точка I и II од оваа одлука, ќе се употребат сообразно со нивната намена во идната година.

V

Исплатата на надоместокот за закрепнување по оваа одлука ќе се изврши до крајот на месец мај 1969 година.

VI

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Бр. 01-1079/1
22 април 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Шериф Рефије од село Кишава, Битолско, поднесе тужба до овој суд против Селим Бејдула од село Кишава, а сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во противен случај ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 169/69. (24)

Наум Брајовски од Битола, ул. „Кочо Палигора“ бр. 14, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Зојка Брајовска, со непознато место на живеење. Бидејќи тужената е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во противно на тужената ќе и се одреди застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 243/69. (29)

Златановска Ангелина од с. Сопотница, Демирхисарско, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Стеван Трајчевски, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во противно на тужениот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 137/69. (26)

Субашевска Бона од Битола, ул. „Ѓорѓи Георгиев“ бр. 7, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Субашевски Никола од с. Магарево, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во противно на тужениот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 265/69. (27)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

При Општинскиот суд во Битола се води постапка за огласување на неважни чековите бр. 43485 на сума од 1.500 н. д. и бр. 43486 на сума од 1.500 н. д., издадени од Комерцијално-инвестиционата банка — Битола, на име Станоевски Борис од Битола.

Се поканува секој што ги нашол чековите или ги поседува или знае за нив, да јави на судот во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“. Во противно чекот ќе се огласи за неважен.

Од Општинскиот суд во Битола Р. бр. 104/69. (25)

При Општинскиот суд во Битола, се води постапка за огласување за неважен чекот бр. 41570 на сума од 1000,00 динари за потрошувачки кредит издаден од Комерцијално-инвестиционата банка — Битола, на име Елена Чајковска, од Битола. Се поканува секој што го нашол чекот, или го поседува, или знае нешто за него да јави на овој суд од рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“. Во противно чекот ќе се огласи за неважен.

Од Општинскиот суд во Битола, Р. бр. 99/69. (30)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XI. 1967 година, страна 215, реден број 2, е запишана промената на називот на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи „Билка“ од Виница и ќе гласи: Откупна станица за лековити растенија и земјоделски производи — овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ — Виница.

Истовремено е запишано и проширувањето на дејноста, уште и со откуп на земјоделски производи — овошје и зеленчук.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 5988 од 6. XI. 1967 година на работничкиот совет на „Алкалоид-билка“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 400/67. (23)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XI. 1967 година, страна 404, реден број 18, е запишано основањето на Продавница за колонијал, со седиште во Струмица, ул. „Дрвар“ бб.

Продавницата ќе врши продажба на колонијални стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Гранап“ од Струмица.

Раководител на продавницата е Томе Васил Томов, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавува директорот на матичното претпријатие.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 02-2470/1 од 2. X. 1967 година на работничкиот совет на претпријатието и решението бр. 07-6565/1 од 3. X. 1967 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 341/67. (34)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20 XI. 1967 година, страна 193, реден број 3, е запишана промената на фирмата на Откупната станица „Билка“ од Струмица, и ќе гласи: Откупна станица за лековити растенија и земјоделски производи — овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ — Струмица.

Истовремено е запишано и проширувањето на дејноста уште и со откуп на земјоделски производи — овошје и зеленчук.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 5988 од 6. XI. 1967 година на ра-

ботничкиот совет на „Алкалоид-билка“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 399/67. (50)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XI. 1967 година, страна 93, реден број 2, е запишана промената на фирмата на Откупната станица за лековити растенија „Билка“ од Радовиш и ќе гласи: Откупна станица за лековити растенија и земјоделски производи — овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ — Радовиш.

Истовремено е запишано и проширувањето на дејноста, уште и со откуп на земјоделски производи — овошје и зеленчук.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 5988 од 6. XI. 1967 година на работничкиот совет на „Алкалоид-билка“ — Скопје.

Од Окружниот стопански судво Штип, Фи. бр. 401/67. (55)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XI. 1968 година, рег. број 48/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница во село Кишава, Битолско, на Погонот за кооперација во село Лажец, на Земјоделскиот институт во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е вршење трговска дејност со колонијални стоки и стоки за куќни потреби.

Раководител на продавницата е Сулејманов Усеин.

Продавницата е основана од Земјоделскиот институт — Скопје, со одлуката број 08-1778/1 од 26. IX. 1968 година на работничкиот совет и потврдата број 08-4952/1 од 26. VI. 1968 година на Одделението за стопанство и планирање на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и погонот за кооперација во село Лажец.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 524/68. (79)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 6. XI. 1968 година, рег. број 104/55, книга Ш е запишана под фирма: Продавница во Битола на ул. „Први мај“ бр. 189, на Индустријата за чадори и конфекција „Зора“ од Охрид. Предмет на работењето на продавницата е промет со секаков вид конфекција и чадори.

Раководител на продавницата е Костоски Михаило.

Продавницата ќе ја потпишува Индустријата за чадори и конфекција „Зора“ од Охрид, со одлуката бр. 03-4808 од 1. X. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-33/7134 од 2. IX. 1968 година на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 486/68. (80)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. XI. 1968 година, рег. број 25/56, книга I е запишана под фирма: Продавница број 3 во село Житоше, Крушево, на Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ под присилна управа — Крушево. Предмет на работењето на продавницата е продажба на секакви видови стоки во рамките на регистрираната дејност на стопанството.

Раководител на продавницата е Стојче Пејчиновски.

Продавницата е основана од Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ од Крушево, со одлуката бр. 01-613/1 од 10. XI. 1968 год. од присилниот управител и уверението од санитарниот, пазарниот и трудовиот инспектор на Собранието на општината Крушево.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и стопанството.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 542/68. (81)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. XI. 1968 година, рег. број 25/56, книга II, е запишана под фирма: Продавница број 4 во Светомитрани, Крушево, на Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ под присилна управа — Крушево. Предмет на работењето на продавницата е продавање на секакви видови стоки во рамките на регистрираната дејност на стопанството.

Раководител на продавницата е Благоја Куретовски.

Продавницата е основана од Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ од Крушево, со одлуката бр. 01-615 од 11. XI. 1968 година од присилниот управител и решението на санитарниот, пазарниот и трудовиот инспектор на Собранието на општината Крушево.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и стопанството.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 543/68. (82)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 6. XI. 1968 година, рег. број 29/68, книга II е запишано под фирма: Стовариште во Охрид — населба Лескаица бб, на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Бечеј“ од Бечеј. Предмет на работењето на стовариштето е промет на големо со алкохолни и безалкохолни пијалоци, конзерви, мелнички производи, коноп и производи од коноп и поздел-плочи.

Стовариштето е основано од Земјоделско-индустрискиот комбинат „Бечеј“ од Бечеј, со одлуката на работничкиот совет од 6. IX. 1968 година и решението бр. 07-уп-1313 од 15. X. 1968 година на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Стовариштето ќе го потпишува Ропчев Тодор, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, 478/68. (83)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 6. XI. 1968 година, рег. бр. 117/55, книга III е запишана под фирма: Продавница во Охрид на ул. „Моша Пијаде“ бр. 40, на Трговското претпријатие „Охридски магазин“ од Охрид. Предмет на работењето на продавницата е промет со парфимерија, бижутерија, часовници и разна ситничарија.

Раководител на продавницата е Мостова Марика.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Охридски магазин“ од Охрид, со одлуката бр. 02-704/1 од 12. IV. 1968 година на работничкиот совет и решението уп. бр. 07-439/VII од 4. XI. 1968 година на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 510/68. (84)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. XI. 1968 година, рег. бр. 5/56, книга II е запишана под фирма: Продавница број 23 во Прилеп, ул. „Маршал Тито“ бр. 32, на Трговското претпријатие „Народен магазин“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на секаков вид куси стоки, домашни ракотворби и работа на СИЦ.

Раководител на продавницата е Стефаноска Евгенија.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Народен магазин" од Прилеп, со одлуката бр. 2220/2 од 12. X. 1968 година на работничкиот совет и уверението од пазарниот, санитарниот и трудовиот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 536/68. (85)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. XI. 1968 година, рег. број 8/55, книга II е запишана под фирма: Продавница број 21 во Прилеп, на ул. „Борка Талески" број 11, на Трговското и посредничкото претпријатие „Моноверзал" од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на месо, преработки од месо, деликатесни производи, од сите видови, млеко и млечни производи и заклана живина и јајца.

Раководител на продавницата е Драган Пучески.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Моноверзал" од Прилеп, со одлуката на работничкиот совет од 4. IX. 1968 година и решението на пазарниот, санитарниот и ветеринарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 501/68. (86)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. XI. 1968 година, рег. број 37/68, книга I е запишана под фирма: Продавница број 1 во Прилеп, на ул. „Андон Слабејко" бр. 17, Деловна единица — Прилеп на Трговското претпријатие „Универзал" од Штип. Предмет на работењето на продавницата е промет со авто-делови, тракторски делови, железарија и бои.

Раководител на продавницата е Корушевски Ацо.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Универзал" од Штип, со одлуката од работната заедница од 4. IX. 1968 година и уверението од пазарниот, санитарниот и трудовиот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што ја потпишува и Деловната единица во Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 487/68. (87)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XI. 1968 година, рег. број 11/55, книга IV е запишана под фирма: Продавница — земјоделска аптека во Ресен, ул. „Тоше Милошевски" бр. 2, на Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен.

Предмет на работењето на продавницата е промет со средства за заштита на растенијата.

Раководител на продавницата е Бубулевски Живко.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен, со одлуката бр. 02-427/1 на работничкиот совет и решението бр. 04-8346/1 од 1. XI. 1968 година од Одделението за стопанство на собранието на општината Ресен.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 513/68. (88)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21. XI. 1968 година, рег. број 21/55, книга III е запишан под фирма: Кафе-ресторан во Струга, кеј „Борис Кидрич" бб, на Земјоделската задруга „Светлост" од село Вевчани. Предмет на работењето на кафе-ресторанот е: а) точење и продажба на сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци; б) готвење и продажба на топли и студени јадења и производи на база на шеќер; в) продажба на месни и сувомесни производи, конзервни производи и млечни производи; и г) продажба на тутунови производи и кибрит.

Раководител на кафе-ресторанот е Летовски Милисав.

Кафе-ресторанот е основан од Земјоделската задруга „Светлост" од село Вевчани, со одлуката бр. 01-433 од 26. X. 1968 година на задружниот совет и решението бр. 08-530/1 од 14. XI. 1968 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Кафе-ресторанот ќе го потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 533/68. (89)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 1. XI. 1968 година, рег. број 32/68, книга II е запишана под фирма: Продавница во Струга, ул. „Маршал Тито" бр. 69, на Универзалното претпријатие „Солидарност" од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на галантериска и базарска стока и играчки, парфимериска и козметичка стока и стакло, порцелан и керамика (освен рамно стакло и санитарна керамика и порцелан).

Раководител на продавницата е Дако Нашифе.

Продавницата е основана од Универзалното претпријатие „Солидарност" од Скопје, со одлуката бр. 945 од 31. X. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-510/130 од 25. X. 1968 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 502/68. (90)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 1. XI. 1968 година, рег. број 31/68, книга II е запишана под фирма: Продавница во Струга, ул. „Маршал Тито" бр. 92, на Универзалното претпријатие „Солидарност" од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е обавување на трговска дејност, продажба на мало на мелнички производи од сточна храна.

Раководител на продавницата е Саит Осман.

Продавницата е основана од Универзалното претпријатие „Солидарност" од Скопје, со одлуката бр. 945 од 31. X. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-51/131 од 25. X. 1968 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 503/68. (91)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. XI. 1968 година, рег. број 74/55, книга Ш е запишана под фирма: Продавница број 44 во Струга, ул. „Скопска" бб, на Трговското претпријатие „Струшка трговија" од Струга. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мал она прехранбени артикли и предмети за домашна потреба, мелнички преработки, алкохолни и безалкохолни пијалоци и деликатесни производи (освен сувомесни производи).

Раководител на продавницата е Арифи Амдие.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Струшка трговија" од Струга, со одлуката бр. 02-1952/2 од 2. X. 196 8година на работничкиот совет и решението бр. 08-553/132 од 15. XI. 1963 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 540/68. (92)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 1. X. 1968 година, страна 177, реден број 1, е запишано основањето на Претпријатие за промет со сите видови селско-стопански производи и жива стока „Напредок", со седиште во Делчево. Претпријатието е основано по пат на издвојување од Занаетчиското претпријатие за откуп, преработка на ситна кожа, крзно, кожна конфекција и кожна галантерија „Методи Митевски — Брицо" од Делчево.

Претпријатието ќе врши купопродажба на сите видови селскостопански производи и жива стока, на големо и мало.

За в. д. директор е именуван Владо Димитровски.

Покрај директорот, второ овластено лице за потпишување на претпријатието е Митко Мирчев.

Впишувањето на претпријатието е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01-384 од 17. IX. 1968 година на работничкиот совет на претпријатието и записникот од 19. VII. 1968 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Делчево.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 494/68. (146)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. X. 1968 година, рег. број 317,, реден број 33 е запишано основањето на Продавница, со седиште во село Каменица, Делчевско.

Продавницата ќе врши продажба на сите видови земјоделски производи, колонијални и прехранбени стоки, алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Продавницата е основана од Земјоделскиот производствен прехранбен преработувачки комбинат „Искра" од Кочани.

Раководител на продавницата е Борис Здравков, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на комбинатот.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 2051 од 18. X. 1968 година на работничкиот совет на комбинатот и записникот од 9. X. 1968 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината — Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 475/68. (147)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, страна 129, реден број 6 е запишано основањето на Текстилна продавница, со седиштe во Делчево, ул. „Маршал Тито" бб.

Продавницата ќе врши продажба на текстилни производи, куса стока, текстилна стока на метро, конфекција и др.

Продавницата е основана од Мешовитото трговско претпријатие на големо и мало „Трговмакедонија" — Делчево.

Раководител на продавницата е Вера Георгиева, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01-18 од 2. III. 1968 година на работничкиот совет на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 388/68. (148)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. X. 1968 година, страна 174, реден број 3, е запишано основањето на Продавница, со седиште во Делчево, ул. „Маршал Тито" број 88.

Продавницата ќе врши продажба на трикотажна, тешка и лесна конфекција; сите производи по ХТЗ; кожа и кожни производи; гума и гумени производи, галантерија и позамантерија, сета стока од широка потрошувачка.

Продавницата е основана од Претпријатието за производство на конфекција, кожна галантерија, конфекција и трговија на големо и мало „Видра" од Делчево.

Раководител на продавницата е Павле Ангеловски, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 17/1 на работничкиот совет на претпријатието и записникот на Санитарната инспекција на Собранието на општината Делчево од 12. IX. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 462/68. (149)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, страна 314, реден број 11, е запишано основањето на Продавница, со седиште во Виница, Кочанско.

Продавницата ќе врши продажба на стоки на мало на сите видови текстилни производи — куса стока и текстилна стока на метро и слични текстилни и други производи.

Продавницата е основана од Претпријатието за конфекција „8 март" од Пробиштип.

Раководител на продавницата е Десанка С. Трајанова, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01-498/1 од 20. IX. 1968 година на работничкиот совет на претпријатието и решението бр. 0851-1251 од 19. VI. 1968 година на санитарната инспекција на Собранието на општината Виница.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 386/68. (153)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21. XII. 1968 година, страна 324, реден број 16 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Кочани.

Продавницата ќе врши продажба на стоки за широка потрошувачка и тоа сите видови текстилни производи, гумени, кожни, пластични и галантериски производи, кинкалерија, парфимерија и слични производи.

Продавницата е основана од Претпријатието за конфекција „8 март" од Пробиштип.

Раководител на продавницата е Божинова Блажева Перса, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа записникот бр. 03-5616/1 од 26. IX. 1968 година, на пазарната и санитарната инспекција на Собранието на општината Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 539/68. (154)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21. XII. 1968 година, страна 324, реден број 17, е запишано основањето на Продавница, со седиште во Злетово. Предмет на работењето на продавницата е продажба на стоки за широка потрошувачка и тоа: сите видови текстилни производи, гумени, кожни, пластични и слични производи.

Продавницата е основана од Претпријатието за конфекција „8 март" од Пробиштип.

Раководител на продавницата е Димка Петрова, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на решението бр. 08-27/2 од 6. IV. 1968 година на санитарниот и пазарниот инспектор на Собранието на општината Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 541/68. (155)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21. XII. 1968 година, страна 324, реден број 14 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Пробиштип (кај новото пазариште).

Продавницата ќе врши продажба на стоки за широка потрошувачка и тоа сите видови текстилни производи, гумени, кожни, пластични и галантериски производи, кинкалерија, парфимерија и слични производи.

Продавницата е основана од Претпријатието за конфекција „8 март" од Пробиштип.

Раководител на продавницата е Вера Блажева, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа уверението бр. 08-324/2 од 29. V. 1968 година на санитарниот, пазарниот и градежниот инспектор на Собранието на општината Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 542/68. (156)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21. XII. 1968 година, страна 314, реден број 13, е запишано основањето на Продавница, со седиште во Пробиштип.

Продавницата ќе врши продажба на стоки за широка потрошувачка и тоа сите видови текстилни производи, гумени, кожни, пластични и галантериски производи, кинкалерија и слични производи.

Продавниацта е основана од Претпријатието за конфекција „8 март" од Пробиштип.

Раководител на продавницата е Ѓурѓа Милчова, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа уверението бр. 08-324/1 од 29. V. 1968 година, на санитарниот, пазарниот и градежниот инспектор на Собранието на општината Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 543/68. (157)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 15. IX. 1968 година, страна 313, реден број 1 е запишано основањето на Продавница „Борово", со седиштe во Пробиштип.

Продавницата ќе врши продажба на мало на гума и чевли.

Продавницата е основана од Југословенскиот комбинат за гуми и чевли „Борово" од Борово.

Раководител на продавницата е Слободан Алексовски, кој е овластен да ја потпишува и претставува.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. РС-9 од 28. V. 1968 година на работничкиот совет на комбинатот и уверението бр. 08-1449/1 од 30. VII. 1968 година на Одделението за стопанство и финансии на Собранието на општината Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 434/68. (161)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. VIII. 1968 година, страна 318, реден број 1 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Кочани, ул. „Раде Кончар" бб.

Продавницата ќе врши продажба на железарија од сите видови, бои и лакови, водоинсталатерски материјали, електроматеријали, резервни делови за сите видови патнички, товарни, градежни и земјоделски машини, сите видови мешана стока и сите видови авто-гуми и гуми за велосипеди.

